Прием на странки: четврток од 11:00 до 14:00 часот

**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Гордан Станковиќ**
**именуван за подрачјето**
**на Основен граѓански суд Скопје и**
**Основен кривичен суд Скопје**
**тел: 3239-631;3216-909**
**е-маил:izvrsitel@gstankovic.com**
**Лице за контакт: Соња**

Образец бр.66

**И.бр.457/2022**

Извршителот Гордан Станковиќ од Скопје, ул.Петар Попарсов бр.36А врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Стопанска банка АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030996116744 и ЕМБС 4065549 и седиште на ул.11 Октомври бр.7, засновано на извршната исправа Нотарски акт ОДУ.бр.550/21 од 20.07.2021 година на Нотар Елена Пенџерковски, против должниците Друштво за градежништво, увоз-извоз НОВОГРАДБА Владимир и други ДОО Скопје од Скопје со ЕДБ 4030996103669, ЕМБС 4058542 и седиште на ул.Босна и Херцеговина бр.5 Бутел и Сашко Трајковски од Скопје и живеалиште на ул.Добромир Хрс бр.55а Кисела Вода, за спроведување на извршување во вредност 4.730.827,00 денари на ден 26.05.2026 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ТРЕТА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА

(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА ТРЕТА продажба** со усно јавно наддавање на недвижностите сопственост на должникот Сашко Трајковски означени како:

1. станбена куќа со земјиште запишани во **имотен лист бр.16151** за **КО Кисела Вода 1** при АКН на РСМ – ЦКН Скопје со следните ознаки:

ЛИСТ Б
- КП 3481, дел 2, викано место/улица Добромир Хрс 55, катастарска култура гз гиз во површина од 49м2
- КП 3481, дел 2, викано место/улица Добромир Хрс 55, катастарска култура гз зпз 2 во површина од 66м2

ЛИСТ В
- КП 3481, дел 2, адреса Добромир Хрс 55А, број на зграда 1, намена за зграда А1-1, влез 1, кат К 1, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП, во внатрешна површина од 3м2
- КП 3481, дел 2, адреса Добромир Хрс 55А, број на зграда 1, намена за зграда А1-1, влез 1, кат К 1, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда СТ, во внатрешна површина од 58м2
- КП 3481, дел 2, адреса Добромир Хрс 55А, број на зграда 1, намена за зграда А1-1, влез 1, кат ПР, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда СТ, во внатрешна површина од 49м2
- КП 3481, дел 2, адреса Добромир Хрс 55А, број на зграда 1, намена за зграда А1-1, влез 2, кат ПО, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда П, во внатрешна површина од 12м2

Почетната вредност на недвижноста, изнесува **3.782.556,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на третото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: хипотеката што се реализира во корист на Стопанска Банка АД Скопје, прибелешката на извршител Гордан Станковиќ за овој предмет, прибелешка на извршител Зоран Димов за И.бр.534/22, прибелешка на извршител Снежана Андреевска за И.бр.3555/22

2. гаража запишана во **имотен лист бр.16151** за **КО Кисела Вода 1** при АКН на РСМ – ЦКН Скопје со следните ознаки:

ЛИСТ В
- КП 3277, дел 0, адреса Добромир Хрс 55, број на зграда/друг објект 4, намена на зграда Гаража, влез 001, кат ПР, број 000 во внатрешна површина од 15м2

Почетната вредност на недвижноста, изнесува **319.244,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на третото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: хипотеката што се реализира во корист на Стопанска Банка АД Скопје, прибелешката на извршител Гордан Станковиќ за овој предмет, прибелешка на извршител Зоран Димов за И.бр.534/22, прибелешка на извршител Снежана Андреевска за И.бр.3555/22

Продажбата ќе се одржи на ден **29.06.2026 година** во **11:00 часот** во просториите на извршител Гордан Станковиќ на ул.Петар Попарсов бр.36А, тел 3239-631, 3216-909.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10(една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста. Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр.**250-0109006485-54** која се води кај Шпаркасе банка Македонија АД Скопје и даночен број 5030006240628, најдоцна 1 (еден) ден пред продажбата со назначување на редниот број на недвижноста.

Уплатата на гаранцијата се докажува со увид во посебната сметка на извршителот од датум еден ден пред одржување на продажбата.

Даночните обврски по основ на продажбата паѓаат на товар на купувачот.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач-купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

Д.-на: Доверител
Должник
Извршител Зоран Димов
Извршител Зорица Симиќ (Извршител Снежана Андреевска)
Град Скопје - Сектор за финансии
- Одделение за наплата на даноци, такси и други надоместоци

Правна поука: Против овој акт може да се поднесе приговор до надлежниот Основен суд во рок од три дена од денот на приемот на актот, согласно одредбите од член 86 од Законот за извршување.

X

Дигитално потпишан од
Извршител Гордан Станковиќ
Signed by: Gordan Stankovikj